РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа за управување со
археолошкиот локалитет Стоби-Градско
Бр. 05-54/1
02.02 2018 год.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ СТОБИ – ГРАДСКО

- **Период: 01.01 – 31.12.2017 год.**

**Дејност: музејска дејност**

**Стоби, февруари 2018 год.**

**I. Проекти во рамки на Годишната програма за работа на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби од областа на музејската дејсност за 2017 год.**

Министерството за култура со Решение бр. УП1 30-164 од 20.01.2017 год., го прифати проектот *Санација и адаптација на Старата железничка станица во Центар за посетители и формирање повремена поставка со лапидариум*, а со Годишен договор бр.30-2727/1 од 27.02.2017 година, учествува во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Стоби со издвоени средства од буџетот на Р. Македонија во висина од 1.000.000,00 (еден милион) денари и Анекс договор со бр.30-835/1 од 18.02.2018 година во висина од 8.800,00 денари.

Средствата се наменети за реализација на проектот:

**1. Санација и адаптација на Старата железничка станица во Центар за посетители и формирање повремена поставка со лапидариум**

Финансиските средства наменети за реализација на овој проект се префрлени на сметката на НУ Стоби по доставена финансиска документација за реализирани фази, согласно член 3 од Договорот.

**Наративен извештај**

Досегашните активности и проблемите на НУ Стоби во врска со реализацијата на овој проект се детално образложени во Полугодишниот извештај за годишната програма за работа на Националната установа за управување со археолошкиот локалитет Стоби – Градско за 2017 година со бр. 05-206/1 од 04.07.2017 год.

Со оглед на фактот што има правни пречки за реализацијата на овој проект, а притоа имајќи ги предвид и одобрените финансиски средства од Министерството за култура кои не дозволуваат отпочнување на градежните работи, НУ Стоби поднесе Барање бр.05-157/1 од 02.05.2017 год. за пренамена со цел Подготовка на проектна документација, која е во насока на реализација на овој проект и други проекти на установата кои водат кон соодветна презентација и рехабилитација на археолошкиот локалитет Стоби, а кои се поврзани со добивање на градежни и конзерваторски одобренија согласно законските прописи.

Пренамена е побарана за реализација на следните проекти:

1. Изготвување на урбанистичко-планска документација за градби од посебен интерес – 280.000,00 денари;

2. Изготвување Проектна програма и Основен проект за внатрешно уредување на повремената поставка и лапидариумот во Центарот за посетители – 120.000,00 денари;

3. Изготвување на Основен проект за заштитна покривна конструкција и презентација на Епископска базилика – 600.000,00 денари.

Со известување бр. 30-2727/4 од 30.05.2017 год., пренамената на средства е одобрена од страна на Министерството за култура, но, финансиските средства никогаш не беа префрлени на сметката на НУ Стоби.

Единствените средства кои се искористени од овој проект се во првата половина на 2017 година кога е исплатен надоместок за стручно мислење за спроведена јавна набавка во износ од 8.800,00 денари.

Финансиски извештај (образец бр. 3) е даден во прилог.

Стоби, 02.02.2018 год.

м-р Мише Тутковски
в.д. директор